SCCA - Skopje, Macedonia 1998

# ... за една друга иднина на уметноста ...

Во рамките на своето програмско делување Сорос Центарот за современи уметности - Скопје, Македонија (SCCA - Skopje) во 1998. предвидува изменување и проширување на досегашните програмски активности. Тие се врзуваат за настојувањето SCCA – Skopje од 2000. година да стане независна институција, вон од програмите на Институтот отворено општество - Македонија. За таа цел годините 1998. и 1999. треба да претставуваат години на делување во насока на изградба на специфичен профил на SCCA – Skopje како важен чекор кон осамостојувањето. Оттука, SCCA – Skopje ја пренасочува својата програмска политика од програма која ја потпомага локалната уметничка средина (во смисла на финансиска поддршка на проектите на уметниците и институциите од современата ликовна уметност) кон програма која продуцира сопствени проекти и активности. Во оваа смисла, веќе во 1998. буџетот на SCCA – Skopje е распределен во соодност 1:3, односно за Проекти вон од SCCA – Skopje се предвидуваат US$ 32,000.oo, а за Проекти на SCCA – Skopje US$ 107,800.oo (за разлика од соодносот 2:1 во 1997.)

Новите програмски активности на SCCA – Skopje овозможуваат создавање на поотворен пристап како на уметниците и институциите, така и на пошироката заинтересирана јавност, до услугите на SCCA – Skopje, до содржините кои ги развиваат програмите на SCCA – Skopje насочени кон уметничките и културните случувања. Според досегашните сознанија констатирано е дека постои можност за обединување на три рамништа од овие содржини. Првото се однесува на работењето на заеднички проекти со институциите од современата уметност, а во рамките на програмите на SCCA – Skopje; второто се однесува на вклучување на воглавно странски институции и фондации на специфични проекти, било тие да се водени или организирани од SCCA – Skopje, и, конечно, проекти во продукција на SCCA – Skopje. Трите рамништа треба да организираат еден специфичен вид на активност која би резултирала со отворање на една нова локација за продукција во уметноста и културата во Градот, а која би се однесувала и на целата Република како конечен интерес.

Меѓу другите причини ваквата измена на програмското работење е водено од потребата за изнаоѓање и други извори на финансирањето во културата и уметноста како предуслов за понатамошното постоење и работење на SCCA – Skopje. Преку програмите кои се предвидуваат како тежишна активност на SCCA – Skopje би се оформиле објективни можности за овие проекти да се добијат средства и од трета страна, односно странски партнери заинтересирани за овој вид на активности, што би требало да биде една од основните полиња на делување на SCCA – Skopje по 2000 година.

Во активностите за 1998. се опфатени следните програми на SCCA – Skopje:
- Програма за проекти вон од SCCA – Skopje
- Програма за проекти на SCCA – Skopje
- Програма за Годишна изложба на SCCA – Skopje
- Програма за CIX галеријата на SCCA – Skopje
- Програма за Центарот за компјутерска уметност [CefCA]
- Програма за Документационо-информативен центар [DInfo]
- Програма за Paper_Lab
- Програма за Библиотека
- Програма за CyberCafe [CyCa]

Со овие девет програмски содржини SCCA – Skopje би делувал како еден отворен културен центар. Овој културен центар би организирал неколку аспекти на делувањето во културата: продукција, презентација и информација. Во оската на овие аспекти би се одвивале и програмските активности подредени во програмската структура.

## ПРОГРАМСКА СТРУКТУРА

Програмската структура е составена од проекти и активности кои веќе се водат од подпрограмите на SCCA - Skopje, нови проекти и проекти на надворешни предлози (индивидуални и институциски). Тоа би значело дека поголемиот дел од буџетот за грантови во оние подпрограми кои можат тоа да го реализираат би се однесувал на презентација и продукција на уметничките делувања во Републиката, но исто така и на оние од странство. Овие подпрограми би биле организирани во следните програмски активности на SCCA - Skopje:

### ПРОЕКТИ ВОН ОД SCCA - SKOPJE

Оваа програма се однесува на преиспитување и менување на досегашните програмски активности на SCCA во рамките на SVAG. Преиспитувањето и менувањето се наметнуваат како нужност со оглед на состојбата на уметничката сцена и потребите на истата.

[1.] *SVAG (Soros Visual Arts Grants)*

[1.a.] - ***SVAG 1***: *стипендии за каталози за прва самостојна изложба*: се однесува на први изложби на млади уметници кои не биле дипломски работи, со однапред утврден износ од US$ 500 без селекција;

[1.b.] - ***SVAG 2***: *стипендии за каталози за самостојни изложби*: се однесува на 10 стипендии за каталози за самостојни изложби на уметници до 45 години возраст во Македонија, во висина од US$ 1,000;

(Одборот го задржува правото да покани и уметници постари од оваа граница.)

[1.c.] - ***SVAG 3***: *стипендии за институциски меѓународни проекти*: се однесува на финансирање на каталози за проекти за меѓународно претставување на актуелната македонска ликовна уметност во институции од поголема важност за меѓународната уметничка сцена (биеналиња, триеналиња, макро проекти);

[1.d.] - ***SVAG 4***: *стипендии за вонинституциски проекти на уметници и група на уметници*: се однесува на проекти на уметници и група на уметници (меѓу кои и студенти) вон од институции и галерии, лоцирани во алтернативни простори, зад кои SCCA би стоел организационо и финансиски;

[1.e.] - ***SVAG 5***: *стипендии за списанија*: делумно покривање на печатарски трошоци за списанија кои се врзани исклучиво за критиката и теоријата на ликовната уметност;

[1.f.] - ***SVAG 6***: *стипендии за итни барања или барања вон од конкурсот во текот на годината* (по одлука на Одборот);

### ПРОЕКТИ НА SCCA

Оваа програма се однесува на радикалното менување на досегашните програмски активности на SCCA – Skopje во рамките на SVAG (Soros Visual Arts Grants). Менувањето се наметнува како нужност со оглед на состојбата на уметничката сцена која упатува на мислењето дека SCCA – Skopje ги има задоволено и покриено ургентните состојби во поглед на основното каталошко и локално презентационо обезбедување на уметниците. Програмата предвидува радикални промени и во начинот на работењето на SCCA - Skopje со оглед на фактот дека од него се очекува перманентна новина и свежина во делокругот на работењето.

[2.a.] *Годишна изложба*
Во рамките на своите редовни активности SCCA - Skopje организацира редовна годишна изложба на локалната современа уметност. Годишната изложба има за цел да ја промовира домашната ликовна уметност и уметници. Таа треба да го поттикне интересот за темите и медиумите коишто се помалку истражувани од уметниците или пак застапувани од музеите и галериите. Изложбата има исто така за цел да го подигне општото рамниште на разбирање за современата уметност во пошироката јавност. Изложбата се лоцира во различни, било институциски, било алтернативни простори.

Секоја година изложбата истражува различен медиум, воведувајќи нови идеи, пристапи, техники и уметници, преку кои се поставуваат различни теории за уметноста. На изложбата рамноправно можат да конкурираат уметници од сите генерации коишто живеат и творат во Републиката. (Студентите немаат право на конкурирање.) Одборот на SCCA - Skopje е одговорен за изборот на уметниците за Годишната изложба. Одборот го задржува правото лично да покани, било на конкурсот, било на изложбата, еден до два уметника. Петчлено меѓународно жири, избрано од Одборот на SCCA - Skopje, врши избор на највпечатливите дела од изложбата и доделува до 3 награди.

Буџетот на Изложбата не ги покрива трошоците на создавањето или изведувањето на проектот, којшто е всушност сопственост на уметникот. SCCA - Skopje како организатор на изложбата ги изнајмува материјалите и опремата и обезбедува стручна и техничка помош потребни за реализација на избраните проекти.

[2.b.] *SCCA меѓународни проекти*
Како резултат на меѓународната афирмација на активностите на Мрежата на SCCA и на SCCA - Skopje поодделно, дел од SVAG е наменет за проекти кои се работат во соработка со меѓународни институции, а со цел претставување и афирмација на рецентната уметност во Македонија. Тие ќе се организираат врз основа на критериуми:

[2.b.a.] - *проекти до SCCA*. Во оваа група на проекти спаѓаат поканите за организирање на изложби од страна на SCCA, а на покана од заинтересираните партнери од странство. Тие се однесуваат на соработка со институции кои се од пошироко значење за светската уметничка сцена со цел поадекватно и поквалитетно претставување на уметноста од Македонија. Канцеларијата на SCCA може да покани и куратор, односно институција за водење на овие проекти и надвор од неа, според одлуката на Одборот на SCCA.

[2.b.b.] - *проекти на SCCA*. Овие проекти се организираат на иницијатива на SCCA, а со цел како и погоре наведеното. SCCA во овие проекти ќе ги раководи, организира и финансира сите потребни елементи на проектот (во смисла на публикации, транспорт и превоз на уметникот-уметниците и кураторот). Канцеларијата на SCCA може да покани и куратор (хонориран), односно институција за водење на овие проекти и надвор од неа, според одлуката на Одборот на SCCA.

[2.c.] *Макро и микро проекти*
Со цел SCCA - Skopje да ги измени досегашните активности, а согласно стратешката преориентација на истиот кон осамостојување во скора иднина, SCCA - Skopje воведува работење на макро и микро-проекти кои би се однесувале на ургентните потреби на 'светот на уметноста' во Македонија, а во конечен интерес на самиот SCCA - Skopje. Ова се однесува пред с·на посветување поголемо внимание на институциите од ликовната уметност (наместо на уметниците поединечно или групно), работење на проекти од подрачја кои досега не биле предмет на интерес на SCCA - Skopje, односно зафаќање со организирана едукација на кадрите било од институциите или младите куратори за современите текови во уметничката практика, комуникација и менаџмент. Работењето на овие проекти ја надополнуваат сликата за SCCA - Skopje како институција која перманентно настојува да ги покрива најзначајните аспекти на уметничкото делување во Македонија, а согласно актуелните општествени потреби.

Доколку SCCA - Skopje не е раководител на некој од овие проекти, за нив би биле распишувани конкурси за доделување грантови на којшто би се јавиле институции заинтересирани да ги организираат и реализираат истите.

Макро-проекти:

[2.c.a.] *Изработка на дата-база за институции и нивно поврзување со Интернет*. Овој проект поаѓа од потребата дигитално да се обработат колекциите и активностите на институциите од областа на современата ликовна уметност при што би се користела дата-базата на SCCA – Skopje [Soros Art], која е веќе разработена од страна на SCCA – Skopje. Тоа би значело повеќегодишно ангажирање на одделите за документација при институциите кои ќе подготват информации за колекциите, активностите и програмите на институциите, претставување на персоналот. Конечната цел на проектот е поставување на дата-базата на Интернет, како и секоја од поканетите институции да изработи сопствен CD-ROM, или пак да води кон формирање на еден единствен документационен центар кој би делувал во поширокото републичко подрачје.

[2.c.b.] *Изработка на дата-база за колекциите на ликовните колонии во Македонија*. За потребите на нараснатите колекции на ликовните колонии и нивната обработка, на покана на SCCA – Skopje историчари на уметноста и ликовни критичари би работеле на обработката на колекциите. При тоа тие би ги издвојувале најзначајните дела од колекциите кои ќе имаат приоритетен и поспецифичен третман. Во рамките на овој проект предвидено е и организирање на конференција со сите ликовни колонии и заинтересирани институции. На неа би биле проблематизирани аспектите на постоењето на ликовните колонии и можностите за поврзување и размена на информациите, како меѓусебно, така и меѓународно.

[2.c.c.] *Balkan Art '98-'99*. Овој проект би подразбирал организирање на една голема изложба на уметноста од балканските земји (како продолжеток на во 1996. започнатата идеја *Balkan Art '96* во Нови Сад, Југославија) во 1999. Проектот би требало да ги обедини рецентните истражувања во уметничката продукција во овие земји на одредена тема; истиот би бил поставен во изложбените простори во Скопје. Проектот се организира со цел да се воспостави дијалог меѓу уметниците и уметностите од регионот.

Микро-проекти

[2.c.d.] *Етно-проекти*. Организација на проекти и изложби врзани за малцинските и етничките групи кои во себе би ги содржеле пред с·аспектите на нивната социјализација и воведување во културното милје на земјата. Интенцијата на овие проекти не е тие да бидат исклучиво уметнички, меѓутоа основното тежиште би било ставено на тој аспект;

[2.c.e.] *Проекти со и за хендикепирани лица*. Организација на проекти и изложби врзани за потребите на хендикепираните лица или нивно вклучување во нив. Тие можат да се однесуваат на: хендикепирани, оболени од AIDS или HIV позитивни, наркомани, алкохоличари и луѓе од маргините на социјалното милје.

[2.c.f.] *Еко-проекти*. Овие проекти имаат за цел да ги поврзат уметничките ангажмани со аспектите на еколошките делувања, без разлика дали станува збор за класични изложби или непосредно зафаќање на уметничката заедница со непосредно ангажирање во делувањето на организациите за еколошка заштита на околината и природните реткости.

[2.c.g.] *Обука и тренинг*. Организирање на едно или двонеделни семинари, работилници, тренинзи и предавања за млади куратори; менаџмент во институциите од културата/ликовните уметности; партнери и fundraising; работа со и употреба на Интернет и др.

[2.c.h.] *Проекти за аматеризмот*. Организирање на неколку активности кои би ги опфатиле аматерските делувања во Македонија. Тука пред с·, нагласокот ќе биде ставен на организирање на трибини и разговори околу аспектите специфични за аматерското делување преку призмата на ангажирањето на професионални кадри.

## CIX ГАЛЕРИЈА

Активностите во CIX галеријата би биле во доменот на работење на SCCA – Skopje. Изложбите кои се планираат од страна на SCCA – Skopje ќе бидат обезбедени со мал и унифициран каталог [подготвен од страна на SCCA – Skopje; до 1 печатарски табак B2; 250 гр.; 1/4 или 2/4 (дуотон); текст со превод на англиски; биографски податоци; фотографирање на делата за каталог и документација; хонорар за пишување на текст]. На крајот на годината сите каталози би биле споени во еден Годишен каталог на CIX галеријата, а ќе се реализираат според следните содржини и принципи:

[3.a.] - *Стипендии за галериски проекти*. Преку систем на конкурс одборот на SCCA - Skopje избира 8 проекти кои би биле делумно финансиски помогнати или би била отстапена техничката опрема во сопственост на SCCA - Skopje за нивна реализација со печатење на каталог.

[3.b.] - *Стипендии за галериски каталог*. Уметниците можат да аплицираат за стипендија за унифициран каталог за изложба во Галеријата вон од рамките на категоријата 3.a. Ако тие имаат интерес да имаат изложба во CIX Галеријата тие можат да аплицираат само за каталог (што значи дека SCCA - Skopje нема да ги покрива трошоците за продукција на делото).

[3.c.] - *Барања за галериски простор*. Уметниците кои веќе имаат финансиска поддршка за каталог и готови дела за изложба, а кои се заинтересирани за галерискиот простор, можат да аплицираат за бесплатно користење на галерискиот

простор.

[3.d.] - *Курирани изложби*. Кураторите можат да аплицираат било за категоријата 3.a. или за 3.b. Оваа опција е повеќе наменета за стимулирање на ликовните критичари да развиваат концепти преку изложби. Идејата за оваа опција е произлезена од заклучокот дека во Македонија нема многу курирани/ кураторски изложби, а целта е тоа да се овозможи. Во оваа категорија предвиден е и кураторски хонорар.

[3.e.] - *Меѓународни изложби преку Мрежата на SCCA*. Настојувањето да се пополни празнината на непознавањето на уметничките случувања во Источна и Централна Европа резултира со идејата да се организираат мали проекти во соработка со другите SCCA од Мрежата на SCCA преку програмите за стипендии. Секој SCCA заинтересиран за претставување на својата уметничка сцена ќе може да испрати еден до два уметника. (Овие изложби не се замислени да бидат скапи и големи проекти како што се оние на Soros Contemporary Art Regional Program.)

[3.f.] - *Меѓународни изложби*. Овие изложби треба да бидат изложби од типот 'Изложба во патна торба' или 'Номадски изложби'. Предлогот за овој тип на изложби произлегува од с· поголемиот интерес на странските уметници да изложуваат во Македонија, финансирани од други извори вон од Мрежата на SCCA.

[3.g.] - *Euro Art Info*. Во галерискиот простор би бил поместен циклусот на информативно претставување на пошироката јавност на случувањата и изложбите од светот, а од документацијата на SCCA - Skopje.

[3.h.] - *Talks*. Циклус на теориски предавања на историчари на уметноста и ликовни критичари како домашни, така и странски, гости на SCCA - Skopje.

[3.i.] - *Тема*. Во рамките на циклусот *Тема* се поместуваат сите симпозиуми, разговори и трибини организирани од страна на SCCA - Skopje.

[3.j.] - *Вечерни средби со уметноста*. Овој обем на активности заеднички ги опфаќа некои од наведените активности, но овој пат организирани во следната структура: организирање на средби на разновиден профил на публика; заинтересирана за уметноста, во одреден ден во месецот; предавачи - критичари, уметници, естетичари, филозофи (би бил исплаќан среден хонорар); толкувања на поистакнатите и позначајните изложби и проекти во галеријата (би бил исплаќан среден хонорар); Овие вечерни средби се организираат во дефинирани термини и тоа: прв понеделник во месецот во галеријата или по блокови во текот на неколку дена.

[3.k.] - *Промоции*. Галерискиот простор би бил искористен за сите видови на промоции на производи од културата во најширокото подрачје на разбирање на овој сегмент. Поаѓајќи од промоции на списанија, публикации или проекти с· до поинакви приоди на презентации на производи од културата.

## ЦЕНТАР ЗА КОМПЈУТЕРСКА УМЕТНОСТ
## Center for Computer Art (CefCA)

По трите потполно успешни проекти на SCCA - Skopje (*Кутија со слики*, CD-ROM проектот *Икона на сребро* и *SEAFair '97*), и во согласност со делот од активностите на SCCA - Skopje во полето на медиумите, мултимедиумите, електронската и компјутерската уметност, SCCA - Skopje е во ургентна позиција да отвори место за креативно разбирање на новите медиуми. Искуствата од досегашната работа и остварените контакти се доволна основа за да се развие еден центар кадешто заинтересираните уметници можат да продолжат со активностите започнати со проектот *Икона на сребро* и, особено, за сите оние кои се јавија подоцна покажувајќи поширок интерес за мултимедиумите и компјутерската уметност. Потребата од CefCA е истотака и резултат на зголемениот интерес на организаторите од Европа за овој вид на уметничка продукција во Македонија.

Овој дел од програмското работење на SCCA – Skopje превидува проширување на критериумите за конкурирање, сметајќи пред с· на бришењето на условот конкурентите да имаат завршено уметничко образование. Според спецификите на медиумите кои се организираат во овој дел пристапот на конкурсите за проекти е отворен и за студенти и за сите заинтересирани и искусни во поделните програмски содржини без оглед на нивните професионални уметнички верификации.

Во CefCA би се одвивале следните содржини:

[4.a.] - *Интернет*. Имајќи страна на сопствениот Internet сервер, SCCA - Skopje работи и на дополнување на истата. Документацијата за ликовните уметници, како и сите други потреби и информации кои SCCA - Skopje има потреба да ги стави на страницата се приоритети во активностите на оваа подпрограма. За потебите на SCCA - Skopje, како и за документацијата и базата на податоци за институциите и уметниците од оваа област веќе е изработен soft ware (Internet Search Engine) кој би ги покривал нив. Интересот оди понатаму со идејата CD-ROM-от *Икона на сребро* како прв интерактивен проект од Македонија и сите нови проекти да се стават на Интернет.

[4.a.a.] - *Internet Access*. Преку доделување на стипендии за домашно користење на услугите на Интернет и електронска пошта (e-mail), CefCA овозможува слободен пристап до тековните информации за случувањата на светската уметничка сцена.

[4.a.b.] - *Internet Web Projects*. Конкурсот во оваа категорија се однесува на готови, веќе изработени Интернет проекти. Одборот на SCCA – Skopje одбира проекти кои ги задоволуваат критериумите во областа на уметничкото, за потоа да бидат бесплатно поставени на SCCA – Skopje серверот.

[4.b.] - *CefCA проекти*. Проектите кои ќе бидат продуцирани во CefCA се од особен интерес за SCCA - Skopje. Различните видови на уметничко третирање на електронските медиуми може да даде уште еден изглед на продукцијата на рецентната македонска уметничка сцена. Заради тоа, неколку различни пристапи кон оваа технологија треба истотака да ги опфати истражувачите и од вон-уметничките подрачја. Продукцијата ќе се добива по пат на конкурс за проекти. Преку него Одборот на SCCA - Skopje ќе избере 3-5 проекти кои треба да бидат реализирани во текот на една година и кои ќе бидат во потполност финансиски покриени од страна на SCCA - Skopje. Ова значи дека SCCA - Skopje ќе понуди техничка опрема и професионална асистенција на проектите.

[4.b.a.] - *Computer Art Projects*. Овие проекти се претпоставува да бидат во рамките на подготовка на целиот soft ware за покренување на инсталациите кои работат со компјутерски и интерактивни компоненти. Два проекта годишно

се планира да бидат изведени во текот на една година.

[4.b.b.] - *CD-ROM Projects.* Имајќи го искуството од првиот CD-ROM во Македонија *Икона на сребро*, идејата е, низ овие проекти, да се продолжи со овој вид уметничко истражување. Зголемениот интерес за ова обезбедува најмалку еден проект годишно.

[4.b.c.] - *Internet Projects.* По реализирањето на проектот *SEAFair '97* следува изработката на WWW Site. Овој пилот проект на SCCA - Skopje треба да ги обезбеди првичните искуства на ова поле. Понатамошните чекори би биле водени кон интерактивните компоненти на WWW Site. Предвиден е еден ваков проект годишно.

[4.b.d.] - *Artist's Web Page.* Како нова иницијатива на SCCA - Skopje, во рамките на овие активности се предвидува изработка на уметникови страници на Интернет. За таа цел по распишувањето на конкурсот SCCA - Skopje ќе обезбеди услови за реализација на овие проекти. Активноста се покренува со цел инволвирање на уметниците во подрачјата на компјутерското делување и присуство на Интернет. Предвидени се изработки на 10 вакви страници.

[4.b.e.] - *Moving Images Projects.* Со цел да се развиваат останатите можности на електронското третирање на филмскиот и видео записот, овие проекти треба да ги овозможат проширувањата на 'класичните' уметнички дисциплини било тоа да се видеото, видео клиповите или филмовите. Настојувањето е да се вовлечат уметниците во експерименталните подрачја на компјутерската технологија во смисла на напуштање на традиционалните дисциплини кон нивно мешање. Со ова, постоечката видео продукција би станала поактуелна.

[4.b.f.] - *Computer Design Projects.* Овие проекти се планирани многу повеќе да го надминат веќе постоечкиот, или конвенционалниот приод кон компјутерскиот дизајн, отколку да се продолжи со постоечкиот. Тие треба да се заснимаат на можностите на рецентната софтверска поддршка. Низ експериментирањето со различните можности на софтверот, резултатите би биле употребени за потребите на изданијата на програмите на SCCA - Skopje.

[4.b.g.] - *Computer Sound Projects.* Да се поттикне истражувањето на компјутерската пост-продукција на звукот за уметничките проекти (кои с· повеќе и повеќе се присутни во Македонија) се планира тоа да им се овозможи на заинтересираните уметници.

[4.b.h.] - *Ploter Art.* Постоењето на опремата за печатење на големи формати овозможува изведба на уметнички дела и проекти кои би ги користеле технолошките можности на печатарот.

[4.c.] - *Видео.* CefCA треба да ги продуцира сите видео материјали на програмите на SCCA - Skopje и да изработува копии на другите визуелни материјали од други уметнички настани во Македонија. Во рамките на оваа содржина влегува и копродукција на уметнички видеа во соработка со стипендистите на SCCA - Skopje, како и другите заинтересирани институции.

[4.d.] - *Образовни аспекти.* Како прво CefCA, преку содржините кои ќе бидат реализирани, треба да претставува и место за информирање и образување на сите заинтересирани, вклучувајќи ги и воведните упатства за новите технологии и нивните можности за уметничко творештво. Во овие рамки програмите на SCCA - Skopje ќе овозможат различни аспекти на приодите кон овие технологии особено преку непосредната работа на опремата, сериите на предавања, електронската библиотека и сл.

## ДОКУМЕНТАЦИОНО-ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР (DInfo)

Трансформацијата на една од досегашните три суштински програми на SCCA - Skopje, *Базата на податоци за уметници, документација и информации*, во рамките на новото преструктурирање на SCCA - Skopje не значи само преименување. *DInfo* работи на принципот на досегашната обработка на податоците за уметниците и институциите од областа на уметноста, но овој пат ќе премине во отворен пристап до информациите наменет пред с· за заинтересираните институции и субјекти како од странство, така и од Републиката. Тој е организиран во следните подпрограми:

[5.a.] - *Artist File Registry..* Оваа документација ги опфаќа активностите околу организирање, чување и претставување на сите субјекти од уметничкото делување во Македонија, без оглед на потесното уметничко квалификување. Во неа можат да аплицираат сите оние субјекти 'кои се чувствуваат уметници' без оглед на нивното образование и значење за рецентната уметничка продукција.

[5.b.] - *Comprehensive Documentation.* Како најзначен дел од документационите активности на SCCA - Skopje досега, оваа документација се организира врз основа на специфично дизајнирана работа која подразбира селективен однос кон уметниците кои ќе бидат опфатени во неа од страна на избран историчар на уметноста (од страна на Одборот на SCCA - Skopje). Поединечната документација подразбира изработка на текстуален и фотографски дел. Во првиот, определениот историчар на уметноста ги опфаќа сите релевантни за уметникот аспекти на неговото делување (биографија, творештво, изложби, библиографија, анализа на до 20 дела, фотокопии од најзначајните текстови за уметникот). Вториот се однесува на изработка на фотографско-документационен материјал за избраните дела во четири формати: слајд 6х6, с-слајд 4х4, негатив и фотографија во боја.

[5.c.] - *Фото и видео документација на изложби.* Во соработка со подпрограмата [4.c.] - *видео* на CefCA, DInfo изработува селектирана документација од најзначајните изложби и проекти за рецентната уметничка продукција во Македонија. Едновремено, во него се похранети и слајд и видео документацијата од оние меѓународни изложби и проекти кои се одржуваат вон од Македонија, со цел пошироко информирање на уметничката заедница во Републиката (во соработка со подпрограмата [3.g.] - *Euro Art Info* на CIX галеријата). Сите материјали се достапни за употреба на заинтересираните корисници и тоа по разни поводи: презентација на сцената надвор од Републиката, печатење на публикации, изведување на проекти и сл.

[5.d.] - *Web Site.* Како еден многу значаен аспект на делување на DInfo е поставувањето на сите овие документации на месечно дополнувана web страница во рамките на SCCA - Skopje Web Site. На тој начин со изработката на дата-базата за актуелните случувања во областа на ликовните уметности како

од Македонија, се прави поле за воспоставување на контакти со други институции, институции од странство не само за SCCA - Skopje, туку пред с · за другите заинтересирани страни. За таа цел е поставен и адресар на домашните институции, На оваа страница се наоѓаат и информации за конкурси, фестивали, изложби, огласи за проекти, семинари и симпозиуми.

[5.d.] - *Информации*. Како и досега SCCA - Skopje испраќа и препраќа информации за конкурси и барања било по редовна пошта, било по електронска пошта. За оние заинтересирани за другите информации, или оние кои не се наоѓаат на поштенската листа, SCCA - Skopje обезбедува копии од истите кои се поставени во холот на канцеларијата.

## DESKTOP PUBLISHING (Paper Lab)

SCCA - Skopje предвидува отворање на Експериментална лабораторија за компјутерска примрема и дизајн (Paper Lab). Оваа активност би се одвивала во CefCA.

[6.a.] - *Paper Lab*. Овој проект на SCCA - Skopje треба да ја остварува следната содржина: DTP припрема на одобрени грантови, обука за DTP, работилници за Дизајн (можности за соработка со CefCA), мини библиотека за дизајн на книги, списанија и други изданија.

[6.b.] - *T_A: Te(x)st-Art*. Исто така, како производ на Paper Lab, во рамките на оваа програмска активност ќе биде покренато и излегување на едно списание кое би било место за објавување на рецензии и пократки текстови врзани за изложбената активност во Македонија. Списанието ќе нема за цел да ги зафаќа пошироките аспекти на теориската анализа на рецентната продукција, туку треба да претставува фреквентно и динамично поле за реакција. Истото ќе биде организирано и водено од група на млади уметници, куратори и ликовни критичари, дури и студенти на кои ќе им биде овозсможено да создадат свое место на делување. Списанието ќе биде во обем од 1,5-2 печатени табака, во формат А4, црно/бело, со претежно илустративен материјал и фотографии од, исто така, млади и неафирмирани фотографи. Ќе се печати во тираж од 200 примероци и ќе се дели бесплатно.

[6.c.] - *Publishing*. Во оваа програма влегуваат сите издавачки проекти на SCCA - Skopje.

## БИБЛИОТЕКА

[7.a.] - Библиотеката опфаќа претплата и ажурирање на триесеттина светски списанија, каталози од позначајните изложби и биеналиња, каталози добиени во размена со другите SCCA од Мрежата, како и каталози од домашната уметничка сцена. Истата се грижи и за испраќање на каталози до институциите и субјектите со кои е во контакт.

## CYBER CAFE (CyCa)

[8.a.] - Потребата од отворање на CyberCafe како една од активностите на SCCA - Skopje е природно со оглед на обемот на активностите на SCCA - Skopje врзани за подрачјето на Интернет, а особено заради фактот што SCCA - Skopje е веќе одамна поврзан со Интернет. Иако и сега канцеларијата на SCCA - Skopje функционира како слободен јавен пристап до Интернет, сепак отворањето на CyCa подразбира вклучување на едно сосема поинакво користење на пребарувањата и запознавањата со структурата и начинот на комуницирање преку Интернет, со цел да се добие поширок јавен пристап кон него. Се планира да се постават пет станици за симултано пребарување. Вториот аспект, постоење на интерно каф · во рамките на целиот центар ќе овозможи непосредна комуникација со програмите на SCCA - Skopje, размена на информациите, објавување на актуелните случувања во светот во доменот на уметностите (конференции, симпозиуми, натпревари, стипендии, изложби), било преку печатениот материјал, било преку разговорите.

**Канцеларија:**
Анита Ивковиќ, програмски координатор
Калина Буневска, програмски координатор за визуелни уметности
Мелентие Пандиловски, асистент директор
д-р Небојша Вилиќ, директор

**Одбор:**
*1996-98.*
Конча Пирковска
Лазо Плавевски
Зоран Петровски
м-р Бојан Иванов, претседавач

***Сорос Ценшар за современи умешносши - Скойје, Македонија***
*Орце Николов 109; 91000 Скойје, Македонија*
*шел./факс: 091 13 35 41; e-mail: scca@soros.org.mk;*
*http://www.scca.org.mk*

